Ст.бр.24/2025

Р.

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на текстилни производи, трговија и услуги „ГАРМЕНТ НАЈС" увоз - извоз Македонски Брод ДООЕЛ, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од Македонски Брод на должникот и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 03.09.2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Над должникот Друштво за производство на текстилни производи, трговија и услуги „ГАРМЕНТ НАЈС" увоз - извоз Македонски Брод ДООЕЛ со седиште ул. „Јане Сандански" бр.10 Македонски Брод, со ЕМБС 6036031 и ЕДБ 4018005103682, основано 26.08.2005 година, со приоритетна дејност 14.290 Производство на друга облека и додатоци, н.д.м. , со трансакциски сметки со броеви: 300280000010110 и 300280000013311 при Комерцијална банка АД Скопје, **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и **се ЗАКЛУЧУВА.**

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, Комерцијална банка АД Скопје, да ги згасне трансакциските сметки на должникот 300280000010110 и 300280000013311 а доколку има средства на нив, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – должникот, преку полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од Македонски Брод на ден 30.07.2025 година, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на текстилни производи, трговија и услуги „ГАРМЕНТ НАЈС" увоз - извоз Македонски Брод, повикувајќи се на тоа дека должникот е неликвиден и не може да ја продолжи дејноста.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 03.09.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 24/2025 од 03.09.2025 година.**

**Стечаен судија,**
**Илјаз Исмаили**

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот – полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од Македонски Брод, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Комерцијална банка АД Скопје.